РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општинско Основно училиште
ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

Бр. 03-61
19.4 2024 год.
с.Љубанци Општина Бутел-Скопје

ОПШТИНА БУТЕЛ

Врз основа на член 59, 60, 61 и 63 од Законот за основно образование (Службен весник на РСМ бр.161/2019)
ОПШТИНСКОТО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
„ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ", С. ЉУБАНЦИ-БУТЕЛ, СКОПЈЕ, ОБЈАВУВА

# ОГЛАС
## ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИ ВО ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ ВО УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

За учебната 2024/25 година во прво одделение се запишуваат деца кои се родени во 2018 година и до крајот на календарската 2024 година ќе наполнат 6 (шест) години. Истотака детето може да се запише во прво одделение доколку наполни 6 (шест) години до 31 јануари наредната година, односно е родено до 31.01.2019 година, по претходно барање на родителот односно старателот и добиено мислење од психологот на училиштето.

**Запишувањето** на децата трае од 01.05.2024 година до 31.05.2024 година.

**Списокот со запишаните ученици,** од страна на училиштето ќе биде истакнато, на видно место во училиштето, најдоцна до 15.06.2024 година.

**Постапката** за запишување ја спроведува Комисија за запишување на ученици во прво одделение.

**Потребни документи:**

- Извод од матична книга на родените (на увид)
- Лекарска потврда од примени задолжителни вакцини за детето од надлежна здравствена институција
- Потврда од стоматолошки преглед издадена од надлежна здравствена институција
- Потврда од офтамолошки преглед издадена од надлежна здравствена институција
- Лична карта на еден родител/старател (на увид)

**Доколку детето посетувало градинка,** родителот доставува Досие на детето издадено при испишување на детето од градинка (најдоцна до 31.08.2024 година).

**При запишување на детето со попреченост во прво одделение** родителот/старателот е должен да достави и мислење/функционален профил од комисија за проценка на деца и младинци за дополнителна образовна, социјална и здравствена поддршка според МКФ.

**Запишувањето на детето,** на барање на родителот/старателот, здравствената установа може да го одложи една година ако се утврди дека детето не е подготвено да оди на училиште.

**Родителите треба да ја почитуваат реонизацијата** бидејќи нашето училиште ќе ги запишува децата кои според адресата на живеење, припаѓаат на реонот каде што се наоѓа ООУ„Гоце Делчев", с. Љубанци.

Скопје 19.04.2024 година

Директор
Силвана Терзиева

**ООУ „Гоце Делчев", с. Љубанци**
Ул.7 бр.90 с. Љубанци, Бутел-Скопје **Тел:** 02/2661-250
**e-mail:** gocedelcev_ljubanci@yahoo.com и ljubanci.gocedelcev@gmail.com
Веб страна: www.oougocedelcevljubanci.edu.mk
Facebook: Училиште Гоце Делчев-Љубанци